ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2026 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: Pranuar | 13. 01. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 206/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:



2

Бране Петрушевски

[illegible]

Драгана Бојковска

Игор Здравковски

Ели Панова

Бојан Стојаноски

Антонијо Милошоски

**В О В Е Д**

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 294/21, 89/22, 160/25 и 258/25) се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Со цел да се унапреди организациската структура на полициските единици, со посебен акцент на територијата на градот Скопје потребна е поголема ефикасност, подобра координација и оптимално искористување на човечките и материјалните ресурси во Министерството за внатрешни работи заради што со законот се овозможува организациска промена односно трансформација на Секторот за внатрешни работи Скопје во Оддел за внатрешни работи – Скопје. Оваа организациска единица со предложените законски измени и дополнувања добива повисок организациски статус во рамките на полициската структура. Дополнително со Предлог на законот се извршува и терминолошка корекција во однос на криминалистичко-техничките работи.

Потребите за уредување на оваа област произлегува од долгогодишното практично искуство, објективни критериуми и од реалните безбедносни потреби на главниот град и неговата околина.

Предлог законот пред се темели на добрата пракса од минатото кога организациската единица надлежна за вршење полициски работи на територијата на градот Скопје имала повисоко позиционирање во однос на останатите сектори. Истовремено, се зема предвид посебниот територијален и административен статус на градот Скопје како единствена посебна единица на локална самоуправа од ваков вид во државата.

При утврдувањето на потребата од оваа измена се земаат во предвид следните објективни критериуми како што се територијална големина односно тоа дека Градот Скопје е посебна територијална и административна целина со уникатни карактеристики – најголема концентрација на број на постојано и привремено население, број на туристи, обем и структура на криминалитетот, број на кривични дела и прекршоци, динамика и комплексност на полициските активности на територијата на градот Скопје.

Со цел да се овозможи пофункционална, пофлексибилна и поефикасна полициска организација која ќе може подобро да одговори на предизвиците на современото општество имајќи го во предвид значително поголем обем и комплексност на криминалитетот, прекршоците и полициските интервенции се предлага измената и дополнувањето на Законот за полиција.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот се заснова врз истите  цели и начела на кои се заснова постојниот закон.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлогот на закон нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21, 89/22, 160/25 и 258/25), во член 15 став 2 во точката 8) зборовите: „криминалистички вештачења“ се заменуваат со зборовите: „криминалистичко-технички работи“.

Член 2

Во членот 17 по зборовите: „за потребите на“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи -Скопје и“.

Член 3

Во член 20 во ставот 1 по зборот „формираат“ се додаваат зборовите: „Оддел за внатрешни работи-Скопје и“.

Во ставот 2 пред зборот „Секторите“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи - Скопје и “ .

Во ставот 3 во воведната реченица пред зборот „Сектори“ се додаваат зборовите: „Оддел за внатрешни работи – Скопје и“.

Во точката 1) зборовите: „Сектор за внатрешни работи -Скопје“ се заменуваат со зборовите: „Оддел за внатрешни работи – Скопје“.

Член 4

Во член 21 во ставот 1 во воведната реченица по зборовите: „ полициските работи,“ се додавааат зборовите: „Одделот за внатрешни работи – Скопје и“

Член 5

Во член 22 во ставот 1 по зборот „Со“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи -Скопје и“.

Во ставот 2 по зборот „Началникот“ се додаваат зборовите: „на Одделот за внатрешни работи – Скопје и началникот“.

Во ставот 3 по зборот „Началникот“ се додаваат зборовите: „на Одделот за внатрешни работи – Скопје и началникот“.

Член 6

Во член 23 во ставот 1 по зборот „Во“ се додаваат зборовите: „Одделот за внатрешни работи – Скопје и“.

Член 7

Во членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 160/25), зборовите: „ по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јули 2026 година“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција регулира 8 членови

Со членот 1 се врши терминолошко усогласување во однос на надлежноста на Бирото за јавна безбедност како орган во состав на Министерството, кое врши полициските работи во Министерството, во делот на организирање и извршување на криминалистичко-технички работи наместо постојната терминологија која гласи организирање и извршување на криминалистички вештачења.

Со членовите 2, 3, 4, 5 и 6 се врши измена на организацискиот облик - Сектор за внатрешни работи Скопје, со Оддел за внатрешни работи – Скопје. На овој начин се врши разграничување на организациските единици за внатрешни работи во државата и тоа на начин што се утврдуваат сектори за внатрешни работи и Одел за внатрешни работи за Скопје. Предложеното изменување е резултат на пракса во Министерството за внатрешни работи, кога организациската единица за вршење на полициски работи за Скопје, била повисоко позиционирана во однос на останатите сектори. Дополнително со овие измени се следи и пристапот во територијалната поставеност во државата, при што градот Скопје е издвоен како посебна територијална организација во однос на останатите единици на локалната самоуправа. При ваквото уредување на одредбите се има фактот дека за ова прашање од суштинско значење се применуваат и критериумите: територија, број на население, жители во градот, број на туристи, привремени престојувалишта, обем на криминалитет, број на кривични дела и прекршоци, обем и динамика на активности, вид и обем на полициски активности на територијата на град Скопје и слично.

Со членот 7 се прецизира одложната примена на одребата од членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 160/25).

Со членот 8 се предлага одложна примена на законот која соодветствува на одложната примена на одредбите од Законот за внатрешни работи.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

### III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија се овозможува враќање на моделот со кој ќе се овозможи соодветна организациска тежина, подобра алокација на ресурси и поефикасно справување со предизвиците при вршење на полициските работи и организацијата на полицијата, кои се темелат врз проверени решенија кои обезбедиле подобра координација, поголема автономија и побрзо делување и интервенција во извршување на надлежноста на Министерството за внатрешни работи.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА, КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 15**

Полициските работи во Министерството ги врши Биро за јавна безбедност (во натамошниот текст: Бирото), како орган во состав на Министерството.

Во надлежност на Бирото е:

1) концептуално планирање, следење и анализирање на безбедносната состојба и причините за појава на криминалитет и загрозување на јавната безбедност;

2) усогласување, насочување, генерален и стручен надзор и контрола над работата на организационите единици на Полицијата;

3) собирање, обработка, анализа, користење, оценување, пренос, чување и бришење на податоци од делокругот на работа на Полицијата, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

4) учество во вршењето на одредени сложени работи од делокругот на работа на организационите единици на Полицијата;

5) спроведување на ратификуваните меѓународни договори за полициска соработка и други меѓународни акти за кои е надлежна Полицијата;

6) предлагање стандарди за опрема и материјално-технички средства за организационите единици на Полицијата;

7) грижа за подготвеноста на Полицијата за дејствување и работа во услови на сложена безбедносна состојба;

8) организирање и извршување на криминалистички вештачења и

9) други работи утврдени со закон.

Генералниот надзор ја опфаќа организационата структура на Полицијата, методологијата на работа на Полицијата и се врши еднаш на четири години.

Стручниот надзор се врши по наредба на директорот на Бирото доколку се оцени потреба за надзор на почитувањето на пропишаните стандарди и постапки за работа на Полицијата.

**Член 17**

За вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација како и потреба од ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија и за потребите на секторите за внатрешни работи , во рамките на Бирото за јавна безбедност се формираат организациски единици во кои се извршуваат работите од областа на криминалистичката полиција, униформираната полиција, граничната полиција, специјалните полициски операции, како и други работи утврдени со закон.

**Член 20**

За вршење на полициските работи, на територијата на Република Северна Македонија се формираат сектори за внатрешни работи.

Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа секторот за внатрешни работи.

Сектори за внатрешни работи, согласно со овој закон се:

1) Сектор за внатрешни работи - Скопје, со седиште во Скопје, за вршење на полициски работи на подрачјето на градот Скопје и општините Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопишта, Студеничани и Чучер Сандево;

2) Сектор за внатрешни работи - Битола, со седиште во Битола, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Битола, Демир Хисар, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод, Могила, Новаци, Пласница, Прилеп и Ресен;

3) Сектор за внатрешни работи - Велес, со седиште во Велес, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Велес, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Неготино, Росоман и Чашка;

4) Сектор за внатрешни работи - Куманово, со седиште во Куманово, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане;

5) Сектор за внатрешни работи - Охрид, со седиште во Охрид, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Вранешница, Вевчани, Дебар, Дебарца, Другово, Зајас, Кичево, Осломеј, Охрид, Струга и Центар Жупа;

6) Сектор за внатрешни работи - Струмица, со седиште во Струмица, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица;

7) Сектор за внатрешни работи - Тетово, со седиште во Тетово, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово и

8) Сектор за внатрешни работи - Штип, со седиште во Штип, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Лозово, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Свети Николе, Чешиново - Облешево и Штип.

**Член 21**

За вршење на полициските работи, секторот за внатрешните работи:

1) ја следи и анализира безбедносната состојба и појавите кои предизвикуваат настанување и развој на криминалитетот и настани кои ја доведуваат во опасност јавната безбедност на подрачјето за кое е формиран;

2) ја организира, усогласува, насочува и врши контрола на работата на полициските станици;

3) врши криминалистички работи и работи на превенција на криминалитетот;

4) собира, обработува, анализира, користи, оценува, пренесува, чува и брише податоци од делокругот на работата на Полицијата за подрачјето за кое е формиран, како и врши обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

5) непосредно учествува во извршување на сложените работи од делокругот на работата на полициската станица;

6) по потреба извршува и спроведува утврдени мерки од областа на безбедноста на државната граница;

7) презема мерки заради заштита на определени лица и објекти;

8) ја информира јавноста за работи од својот делокруг и

9) врши други работи утврдени со закон, друг пропис или согласно со обврските што произлегуваат од членството во меѓународните полициски организации и институции.

**Член 22**

Со секторот за внатрешни работи раководи началник.

Началникот на секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените, во транспарентна постапка.

Началникот на секторот за внатрешни работи, за својата работа непосредно е одговорен на директорот на Бирото.

**Член 23**

Во секторот за внатрешни работи се формира полициска станица од општа надлежност за непосредно вршење на полициските работи за определено подрачје.

Полициски станици од општа надлежност се:

1) Полициска станица – Аеродром;

2) Полициска станица – Бутел;
3) Полициска станица – Гази Баба;
4) Полициска станица – Драчево;
5) Полициска станица – Ѓорче Петров;
6) Полициска станица – Илинден;
7) Полициска станица – Карпош;
8) Полициска станица – Кисела Вода;
9) Полициска станица – Сарај;
10) Полициска станица – Центар;
11) Полициска станица – Чаир;
12) Полициска станица – Берово;
13) Полициска станица – Битола;
14) Полициска станица – Валандово;
15) Полициска станица – Велес;
16) Полициска станица – Виница;
17) Полициска станица – Гевгелија;
18) Полициска станица – Гостивар;
19) Полициска станица – Дебар;
20) Полициска станица – Делчево;
21) Полициска станица – Демир Хисар;
22) Полициска станица – Кавадарци;
23) Полициска станица – Кичево;
24) Полициска станица – Кочани;
25) Полициска станица – Кратово;
26) Полициска станица – Крива Паланка;
27) Полициска станица – Крушево;
28) Полициска станица – Куманово;
29) Полициска станица – Македонски Брод;
30) Полициска станица – Неготино;
31) Полициска станица – Охрид;
32) Полициска станица – Прилеп;
33) Полициска станица – Пробиштип;
34) Полициска станица – Радовиш;
35) Полициска станица – Ресен;
36) Полициска станица – Свети Николе;
37) Полициска станица – Струга;
38) Полициска станица – Струмица;
39) Полициска станица – Тетово и
40) Полициска станица – Штип.“.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија “ број 160/25)**

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од членовите 1, 15, 17 и 19 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.